# Од регионална соработка до регионална интеграција – како развојните фондови го поддржуваат процесот на регионална интеграција во Западен Балкан?


## Апстракт

Последните неколку години, Европската унија и европските и американските развојни агенции вкупно инвестирале околу 6 милијарди евра во бројни проекти во земјите од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија). Гледано во однос на регионалното население, низ последните шест години вкупните инвестиции изнесуваат најмалку 2100 евра по глава на жител. Соочувањето на овие проекти покажа дека повеќето, посебно во приватниот сектор, се на државно ниво и дека досега има споредбено помала финансиска поддршка за меѓурегионални проекти за економска соработка. Истовремено, постојат докази дека инвестициите на ЕУ, како и квалитетот и квантитетот на сообраќајната инфраструктура, имаат статистички значаен позитивен ефект врз растот на БДП во Западен Балкан. Затоа, еден од предлозите е максимално да се искористи финансиската поддршка од ЕУ на полето на инфраструктурни проекти коишто неизбежно ќе му овозможат на регионот премин од економска соработка меѓу одделни пазари на економска интеграција. Еден аспект е заеднички настап на земјите од Западен Балкан на други пазари.


## Преглед на финансирањето

Низ изминатите години, разни иницијативи имаа цел да ги засилат и зајакнат политичките, културните, но исто така и економските врски меѓу шесте т.н. земји од Западен Балкан (ЗБ6): Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Од 2014 година наваму, Европската унија одобрила повеќе од 4,2 милијарди евра финансиска помош за ЗБ6 и 2,98 милијарди евра за повеќе државни програми[1]. Европската унија „[...] предничи во подобрувањето на регионалната соработка и отворањето на сопствените пазари за земјите од Западен Балкан […]. Меѓународните финансиски институции, како Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), Европската инвестициска банка (ЕИБ) и Светската банка инвестирале и продолжуваат да инвестираат во големи прекугранични инфраструктурни проекти, како и во подобрувањето на трговијата и инвестициите преку други инструменти“.[2]

---

[1] https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/instruments/multi-beneficiary-programme_en

[2] Санфеј, Петер; Милатовиќ, Јаков: *Регионална економска област на Западен Балкан. Од економска соработка до економска интеграција,* 2018 г. Во: Осбилд, Рајнер; Вил Бартлет: *Транзициски економии на Западен Балкан. Скорашни економски и општествени придвижувања:* 15-28*,* 15.

Меѓутоа, освен ЕУ, многу други организации се активни на Западен Балкан и поддржуваат проекти во разни сектори. Од 2012 година, швајцарските, австриските, германските и американските развојни агенции и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) имаат инвестирано повеќе од **1,5 милијарди евра** во над **350 проекти** на Западен Балкан. Сè на сè, во текот на изминатите години, повеќе од **6 милијарди евра** се инвестирани во следните главни сектори[3].

**Слика 1**




Графичкиот приказ јасно укажува дека инвестициите првенствено се вложуваат во проекти за зајакнување на управувањето во поединечните земји. Најголемата сума на пари се влева во овој сектор во сите шест земји и вкупно изнесува речиси 3 милијарди евра, а следува приватниот сектор со вкупно 1,3 милијарди евра. Меѓутоа, многу од проектите, посебно во приватниот сектор, остануваат на национално ниво. Инвестициите во прекугранични проекти се особено насочени кон развој на демократски структури и заштита на животната средина и климата. Сепак, во споредба, досега има многу помала финансиска поддршка за меѓурегионални проекти за економска соработка (слика 2).

[3] Извор: Сопствени пресметки врз основа на информациите достапни на веб-страниците на организациите: https://www.giz.de/en/worldwide/europe.html; https://www.entwicklung.at/en/projects/current-projects/map/; https://www.eda.admin.ch/deza/en/home/activities-projects/projekte-fokus.html; https://explorer.usaid.gov/query

**Слика 2:** Обем на финансирање на прекугранични проекти во Западен Балкан по сектори




*Извор: Сопствени пресметки*

## Инвестиции во регионална соработка и економски раст

Во исто време, веќе е докажано дека вложувањето во прекугранични проекти има позитивен ефект врз стопанските дејности во Западен Балкан затоа што ја зголемува регионалната соработка и приближувањето до ЕУ.[4] Податоците од Светската банка за економскиот развој на Западен Балкан укажуваат дека во однос на БДП, регионот доживеал бавен, но стабилен економски раст во последните неколку години.

**Слика 3:** Раст на БДП во шесте земји на Западен Балкан меѓу 2010 и 2018 г. (годишно %)




*Извор:* [https://data.worldbank.org/](https://data.worldbank.org/)

[4] Санфеј, Петер; Милатовиќ, Јаков: *Регионална економска област на Западен Балкан. Од економска соработка до економска интеграција,* 2018 г. Во: Осбилд, Рајнер; Вил Бартлет: *Транзициски економии на Западен Балкан. Скорашни економски и општествени придвижувања:* 15-28, 16.

Се чини дека развојот на БДП е мошне променлив во сите шест земји, но целокупниот тренд покажува дека досега постои стабилен раст.

**Слика 4:** Просечен раст на БДП на шесте земји од Западен Балкан меѓу 2010 и 2018 г. (годишен процент)




*Извор:* *https://data.worldbank.org/*

Статистичките студии го потврдуваат ова претпоставено позитивно влијание на инвестициите од ЕУ и растот на БДП: Горан Поповиќ и Огњен Ериќ открија дека постои статистички **значаен** однос меѓу **БДП по глава на жител** и **инвестициите на ЕУ** во Западен Балкан.[5]

Нивната студија, исто така покажува дека должината на **патната мрежа** има значителен позитивен ефект врз развојот на регионалниот БДП: „Важни фактори за привлекување инвестиции се квалитетот, квантитетот и положбата на патната инфраструктура. Истражувачките трудови ја потврдуваат врската меѓу инфраструктурата и странските директни инвестиции (СДИ). […] Патната и телекомуникациската инфраструктура се суштествени фактори за привлекување странски инвестиции“.[6] Затоа, Поповиќ и Ериќ ја завршуваат нивната студија со препораката дека трговската отвореност во регионот треба да се фокусира на „регионална економска соработка и заеднички настап на земјите од Западен Балкан на други пазари“.[7] Исто така, тие предлагаат максимална употреба на финансиската поддршка од ЕУ на полето на инфраструктурни проекти и за завршување на клучни патни маршрути.

---

[5] Поповиќ, Горан; Ериќ, Огњен: *Економски развој на Западен Балкан и инвестициите на Европската унија.* 2018 г. Во: *Economic Research – Економски истражувања,* 31 (1), 1539-1556, 1539.

[6] *Истото,* 1504.

[7] *Истото,* 1552.

Веќе се преземени важни чекори за регионална интеграција. Во 2017 година, на Самитот во Трст, челниците на шесте земји од Западен Балкан застанаа зад Повеќегодишниот акциски план за **регионална економска област** на Западен Балкан (МАП РЕА), којшто има цел да ја подобри регионалната соработка на полето на дигиталната интеграција, мобилноста, трговијата и инвестициите. Сите шест земји од Западен Балкан се посветуваат на продлабочување на соработката во рамките на Централно-европскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА) „до тоа ниво каде што стоките, услугите, инвестициите и стручните луѓе би можеле слободно да се движат во регионот без царини, квоти или други ненужни нецарински и друг вид бариери“.[8]

Кога се работи за поддршка на деловниот сектор во поглед на соработката, работењето со извозот и увозот на стоки и отстранувањето на бариери, се разбира, соодветните државни стопански комори играат важна улога. Постојат неколку прекугранични проекти што ги вклучуваат сите регионални стопански комори. Паралелно со поддршката за МАП РЕА на Самитот во Трст, се основа и **Коморскиот инвестициски форум (КИФ)** како чадор-организација за шесте стопански комори од ЗБ6.

Понатаму, **Регионалниот совет за соработка (РСС)** и **Коморското партнерство за Западен Балкан (КВП)**[9] тесно соработуваат со КИФ и националните комори да го подобрат организацискиот капацитет на стопанските комори од Западен Балкан, да го продлабочат политичкиот дијалог и да воспостават заедничко претставување на регионот како една економска област.

Сите проекти ја нагласуваат својата работа, а сепак сите споделуваат заеднички работни приоритети што се тесно поврзани, како што е поддршка за мали и средни претпријатија (МСП), регионалност и градење на капацитети.

---

[8] Санфеј, Петер; Милатовиќ, Јаков: *Регионална економска област на Западен Балкан. Од економска соработка до економска интеграција,* 2018 г. Во: Осбилд, Рајнер; Вил Бартлет: *Транзициски економии на Западен Балкан. Скорашни економски и општествени придвижувања:* 15-28*,* 17

[9] https://www.dihk.de/de/ueber-uns/dihk-service-gmbh/projekte/kammer-und-verbandspartnerschaftenwestbalkan & https://www.linkedin.com/company/chamber-partnership-western-balkans/

**Нови предизвици и нови можности по корона-кризата**

Меѓутоа, во текот на **корона-пандемијата**, овие први чекори кон регионална соработка се соочуваат со посебни предизвици. Во моментот, јавниот живот и стопанските дејности се сериозно ограничени, што ќе го намали досегашниот позитивен развој на БДП на Западен Балкан.[10] Сепак, во иднина, кризата може исто така да се гледа како важна можност за регионот ако европската економија ги преобмисли постојните вредносни синџири и регионалната блискост и доколку дополнително зајакне соработката.

Во април 2020 година, Марко Чадеж, претседател на Управниот одбор на КИФ од шесте земји на Западен Балкан, веќе вложи напор во оваа насока за време на телефонски разговор со Метју Палмер, заменик-помошник на американскиот државен секретар и специјален претставник за Западен Балкан. Чадеж ја изнел идејата за воспоставување на посебен фонд за поддршка на активностите што целат кон зајакнување на регионалната соработка. „Овој фонд може значително да придонесе за зајакнување на процесот на регионална и европска интеграција на Западен Балкан, а исто така може да доведе до побрзо закрепнување на економиите на Западен Балкан“.[11] Чадеж истакна дека:

> „Проблемите со коишто се соочуваат нашите економии во текот на актуелната здравствена криза уште повеќе ја нагласија вредноста на воспоставувањето на регионален економски простор, заснован на слободно движење на луѓе, стоки, услуги и капитал и ја нагласија потребата за негово што поскоро и што пообемно спроведување за да се осигура побрзо закрепнување на економиите од Западен Балкан. Истовремено, овие нови околности дополнително ја зајакнаа општата свест за важноста на посилна регионална инеграција во претстојниот период, но и ја потврдија подготвеноста на економиите од Западен Балкан за поблиска соработка. Еден од примерите е воспоставување на „зелен“ коридор за побрз и полесен превоз на стоките во регионот“.[12]

Сенфеј и Милатовиќ уште еднаш ја нагласуваат важноста на поддршката за заедничка економска област затоа што, според нив, и покрај горенаведените позитивни економски придвижувања, нивото на трговија и инвестиции во Западен Балкан останува

---

[10] Иако Европската комисија очекува дека српската економија ќе се намали за 4,1%, други организации се нешто пооптимистични: „Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) очекува пад на БДП од 3%. Српскиот претседател Александар Вучиќ е убеден дека минусот може да се ограничи на 1 до 2 проценти“, заклучува Германската агенција за трговија и инвестиции (ГТАИ). (https://www.gtai.de/gtai-de/trade/wirtschaftsumfeld/wirtschaftsausblick/serbien/nur-corona-bremst-boomende-wirtschaft-in-serbien-246976)

[11] https://www.wb6cif.eu/2020/04/22/palmer-and-cadez-regional-cooperation-in-the-western-balkans-hasnever-been-more-important/

[12] *Истото.*

под она на споредбените региони.[13] Овој пристап може да се покаже како вреден, посебно за време на корона-кризата, затоа што „економската интеграција може да го олесни пристапот до поголема потрошувачка база, поголема база на квалификувани работници, дополнителни извори на финансирање и нови технологии“.[14] Во овој контекст, автоматизацијата и дигитализацијата на прекуграничните процеси во регионот не треба да се потценуваат, особено за време на корона-кризата. Според Евдокија Мојз и Силвија Сореску, само автоматизацијата на трговските формалности би заштедила два процента од трговските трошоци.[15]

Оваа бројка е посебно значајна за економиите на западен Балкан, каде што, во просек, времетраењето на извозот понекогаш е за три часа подолго од тоа во ЕУ. Кај увозот, тој период е дури осум пати подолг.[16]

Затоа, една од намерите на Проектот за **Коморско партнерство за Западен Балкан** е да ја олесни соработката меѓу шесте стопански комори преку подготовка на **заедничка платформа за дигитални потписи**, којашто идната трговија во регионот ќе ја направи поефикасна. Севкупно, може да се резимира дека регионалната интеграција на Западен Балкан, односно развојот на заеднички институции и правила преку соработка, ја зголемува својата важност од почетокот на пандемијата поради корона-вирусот. Економското влијание на пандемијата единствено може да се спречи со заедничка економска област, наместо со мали, национализирани и расцепкани пазари. Понатаму, допрва ќе разбереме до кој степен Западен Балкан ќе стане попривлечен за западниот и централно-европскиот пазар со промената на претходните вредносни синџири. Затоа, изработката на регионални анализи за можностите за **преместување на бизнисот на кратки растојанија (nearshoring)** би можела да понуди повеќе информации за можностите за идно поврзување со западниот пазар.

---

[13] Санфеј, Петер; Милатовиќ, Јаков: *Регионална економска област на Западен Балкан. Од економска соработка до економска интеграција,* 2018 г. Во: Осбилд, Рајнер; Вил Бартлет: *Транзициски економии на Западен Балкан. Скорашни економски и општествени придвижувања:* 15-28*,* 16

[14] Светска банка: *Повисок, но кревок раст,* 2018 г. Во: *Редовен економски извештај за Западен Балкан, бр. 14:* http://pubdocs.worldbank.org/en/194301538650996304/rev2-WBRER14-WQ-web-ENG.pdf*,* 34.

[15] Мојз, Евдокија; Сореску, Силвија: *Показатели за трговско олеснување: Потенцијалниот ефект на трговското олеснување врз трговиите на земјите во развој,* 2013 г. Во: *Документи за трговска политика на ОЕЦД, бр. 144,* издаваштво на ОЕЦД, Париз, https://doi.org/10.1787/5k4bw6kg6ws2-en

[16] Времето за извоз во однос на документациско усогласување во Албанија изнесува 6 часа, во Босна и Херцеговина 4 часа, Косово и Црна Гора 5 часа, а во Северна Македонија и Србија 2 часа. Просечното време во ЕУ за увоз на стоки е 2,1 час. Извозот на стоките во однос на документациското усогласување одзема 8 часа во Албанија и Босна и Херцеговина, 6 часа во Косово и Црна Гора и 3 часа во Северна Македонија и Србија. Во ЕУ, ова време во просек изнесува 1,1 час.
*Извештај за водење бизнис на Светска банка:* https://www.doingbusiness.org/en/data/exploretopics/trading-across-bor-ders